Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ПРИЈАВА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА и паушално оданочување на обврзник кој врши дејност од времен карактер

Единствен даночен број (ЕДБ/ЕМБГ)

Датум и број на прием

Телефон

е-пошта

Име и презиме и адреса на живеење/вистинско седиште за контакт

## 1. Цел на поднесување на пријавата

** Впишете "x" во едно од полињата*

- ☐ Прва регистрација
- ☐ Промена на податоци
- ☐ Службена регистрација
- ☐ Службена промена

## 2. Податоци за обврзникот

2.1. Единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ)

2.2. Број на пасош, датум и земја на издавање

број на пасош | датум на издавање (д д м м г г г г) | земја на издавање

2.3. Дејност која ќе се обавува/претежна дејност

опис | шифра

2.4. Податоци за видот на производите/услуга

2.5. Период на вршење на дејност од д д м м г г г г до д д м м г г г г

2.6. Место на вршење на дејност

## 3. Трансакциска сметка

3.1. Број на трансакциска сметка

3.2. Назив на банка

## 4. Прилози кон пријавата

☐ Број на приложени документи кон пријавата

## Податоци за поднесување

Место на поднесување

Датум на поднесување д д м м г г г г

Потпис на обврзникот

** Пополнува Управата за јавни приходи*

Датум на обработка д д м м г г г г

Потпис на обработувачот

Забелешка

# УЈП-РДО/ВК

## ОПШТИ НАПОМЕНИ

Со членот 37 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Р.М.”, бр. 13/06...133/09), регистрацијата на даночен обврзник се врши во Управата за јавни приходи.
Постапката, начинот и роковите за доделување на ЕДБ, содржината и начинот на водење на единствениот регистар на даночни обврзници, содржината и формата на пријавата за регистрација, како и постапката за бришење од регистрација, ги пропишува Министерот за финансии.
Обврзникот кој остварува приходи од дејност со времен карактер должен е да се регистрира во Управата за јавни приходи за даночни цели.

Регистрација, промена на податоци и дерегистрација на даночен обврзник се врши со поднесување на Пријава за регистрација и паушално оданочување на обврзник кој врши дејност од времен карактер (образец УЈП-РДО/ВК).

Даночниот обврзник кој во текот на годината дејноста ја врши периодично, за секој одделен период поднесува посебна пријава (образец УЈП-РДО/ВК) до УЈП.

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

### 1. Цел на поднесување на пријавата

Означете го соодветното поле со “x”.

### 2. Податоци за обврзникот

**2.1. Единствен матичен број на граѓанинот -** Впишете го вашиот ЕМБГ.

**2.2. Број на пасош, датум и земја на издавање -** Ако лицето не е жител на Република Македонија и нема ЕМБГ, впишете го бројот на пасошот, датум и земја на издавање.

**2.3. Дејност која се обавува/претежна дејност -** Наведете ја дејноста која што времено ќе ја обавувате.

**2.4. Податоци за видот на производите -** Наведете ги видовите на производи/услуги.
Пример: Продажба на пуканки и балони, изнајмување на детски реквизити од забавен карактер.

**2.5. Период на вршење на дејност -** Внесете го временскиот период од - до на вршење на дејноста.
Пример: од 15.06.2010 до 15.09.2010 година.

**2.6. Место на вршење на дејноста -** Наведете го местото каде ќе ја обавувате дејноста.

### 3. Трансакциска сметка

**3.1. Број на трансакциска сметка -** Впишете го бројот на вашата трансакциска сметка.

**3.2. Назив на банка -** Впишете го називот на банката каде имате отворено трансакциска сметка.

### 4. Прилози кон пријавата

Внесете го бројот на приложени документи кон пријавата.

### Податоци за поднесување

Задолжително внесете го местото, датумот на поднесување на пријавата и своерачно потпишете ја пријавата.

### * Објаснување за скратените називи кои се употребени во образецот

**ЕДБ -** Единствен даночен број

**ЕМБГ -** Единствен матичен број на граѓанинот

**УЈП-РДО/ВК -** Пријава за регистрација и паушално оданочување на обврзници кои вршат дејност од времен карактер